НЕОФИЦИЈАЛЕН ПРЕВОД

# ЗАЛОЖБА ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ
## во процесот за преглед на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата (УНКАК)

Ние државите-страни на УНКАК, со оваа Заложба го реафирмираме значењето на транспарентноста и јавните консултации во справувањето со корупцијата.

Веруваме дека граѓанското општество може да има клучна улога во превенцијата и борбата против корупцијата во нашата земја.

Веруваме дека граѓанското општество може да придонесе за успешна имплементација на одредбите на УНКАК.

Затоа, се обврзуваме на почитување на шесте принципи на транспарентност во текот на вториот циклус на преглед на имплементацијата на УНКАК.

## Шест принципи:

1. Ќе објавиме ажуриран роковник за прегледот на имплементацијата на УНКАК во нашата земја;
2. Ќе споделиме информација за институцијата или лицето координатор за прегледот (focal point);
3. Ќе го објавиме завршувањето на прегледот со информација каде може да се најде извештајот;
4. Навремено на интернет ќе го објавиме извештајот од самооценката и извештајот од прегледот, на официјален јазик на ОН, заедно со превод на извршното резиме.
5. Ќе организираме брифинзи и јавни дебати за наодите од извештајот;
6. Јавно ќе го поддржуваме учеството на набљудувачите од граѓанското општество во помошните тела на Конференцијата на државите-страни на УНКАК.

Повеќе информации во врска со Заложбата за транспарентност, побарајте на веб-страницата https://uncaccoalition.org/uncac-review/transparency-pledge/ или по е-пошта на адреса info@uncaccoalition.org